

Гејлен Р. Фрајсингер (Galen R. Frysinger) е Американец, доктор на науки - пензиониран научник, кој што во последниве педесетина години го има пропатувано поголемиот дел од земјината топка. Со својот фотоапарат овој вистински глобтротер има посетено 180 независни држави и 91 територија.
Во далечната 1957 година тој ја има посетено и Македонија, која во тоа време е дел од федерацијата Југославија.

За време на тогашната посета има направено и неколку дузини фотографии на нашата татковина од тоа време, кои што можете да ги најдете на неговиот веб сајт - www.galenf

rysinger.com
.

Оваа година пред околу еден месец, тој после половина век, повторно ја посети нашата земја - сега веќе независна и суверена република. Во продолжение за неговите импресии од Македонија прочитајте го интервјуто кое што го направивме со него.

***1. Како се случи да ја посетите Македонија за прв пат во 1957 година?***

Со мојот тогашен автомобил Фолксваген од Германија, каде што во тоа време бев студент, патував преку Австрија и Југославија до Грција. И така на тој пат се случи да поминам и низ Македонија.

Ноќта спиев во шатор поставен во едно поле покрај патот. Најмногу јадев леб и лубеници и пиев вино.

Оваа година, 2012, сакав одново да се вратам во Македонија, да видам поголем дел од неа и да направам уште повеќе фотографии.

***2. Што знаевте за Македонија пред вашата прва посета на земјава?***

Во 1957 година знаев малку. Оттогаш научив многу за Македонија. Овде се корените на Александар Велики и Свети Климент Охридски.

***3. Дали Македонија, според вас, е добра дестинација за фотографирање?***

За време на последната посета во Македонија поминав четири ноќи во Охрид и беше одлично. Стариот дел на градот и црквите се одлични за фотографирање. Фотографиите кои што ги направив во Охрид можете да ги видите на мојот веб сајт: www.galenfrysinger.com
.











***Александар Стеванов***